РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА - DREJTORIA E DOGANAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: / Pranuar: 05. 05. 2021

| Орг. Един. Njës. Organ. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 02-[redacted]/21-0001 | | | |

**До:**
**Царинска Управа**
**ул. „Лазар Личеноски", бр. 13**
**1000 Скопје**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), а во врска со новиот Закон за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ, бр. 305 од 22.12.2020) од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. До кога важи намалувањето за 50% од утврдената вредност на сите давачки кои се наплатуваат при увоз на возило со странски регистарски таблички посочено во чл. 4 од Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија (поконкретно на возила од Р. Бугарија)? Некои службени лица кажуваат дека ова важи само првите 6 месеци од примена на законот (21.06.2021) согласно Насоката бр. 01.30.37.НС.002.03 од месец февруари 2021 година, други дека важи една година (до крајот на 2021). Во самиот закон, односно во член 6 од истиот е дефинирано дека *„Одредбите од овој закон ќе важат една година од денот на неговото влегување во сила."*, што подразбира дека е опфатена и одредбата од членот 4, каде децидно е посочено намалувањето од 50%. Дали тоа значи дека за 50% се намалени давачките за увоз на возило со странски регистарски таблички заклучно до 22.12.2021 година?

2. Што доколку во рок од една година не се направи регистрација на возило со странски регистарски таблички на терироријата на РСМ и истото се користи во државата? Дали граѓаните на РСМ ќе можат да ги возат овие возила во државата како и до сега и под кои услови?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго Допис

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил** : prevodi123@yahoo.com

- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да [redacted] се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис:**

**Во Скопје, 29.04.2021 година.**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Врз основа на член 10 од Законот за Царинската управа („Службен весник на РМ", бр.46/04...248/18) и член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ", број 13/06...101/2019), во постапка за остварување на право на слободен пристап до информации што се води по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] Куманово имателот на информации Министерство за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Се ОДОБРУВА барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] од Куманово.

2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 05.05.2021 година до Царинската управа на Република Северна Македонија како имател на информација од јавен карактер преку пошта од страна на физичкото лице [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Со барањето се бара информација за тоа до кога важи намалувањето на 50% од утврдената вредност на сите давачки при увоз на возило со странски регистарски таблички посочено во член 4 од Законот за регистација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија бр.305 од 22.12.2020 годи( поконкретно за возила од Република Бугарија). Барателот наведува дека некои службени лица кажуваат дека намалувањето важело само првите шест месеци од примена на законот согласно Насоката на Царинска управа на Република Северна Македонија бр.01.30.37.НС.002.03 додека други службени лица кажуваат дека ова намалување на сите давачки важи една година. Во контекст на ова, барателот поставил прашање дали тоа значи дека за 50% се намалени давачките за увоз на возила со странски регистарски таблички заклучно со 22.12.2021 година?

Второто прашање кое го поставило лицето во своето Барање е што доколку во рок од една година не се направи регистрација на возило со странски регистарски таблички на територија на РСМ и истото се користи односно дали граѓаните на Република Северна Македонија ќе можат да ги возат овие возила во државата како и до сега и под кои услови.

Царинската управа на Република Северна Македонија како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците [redacted]ден пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6, став, 1 точка 3 од ЗСПИЈК и дека овозможувањето пристап до информацијата исто така не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна согласно член 16 од Царинскиот закон ("Службен весник на РМ"бр.39/05...23/16), а нејзиното објавување нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.

Согласно член 18 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Царинската управа на Република Северна Македонија го препрати Барањето до [redacted] внатрешни работи кое според содржината на барањето е имател на [redacted] ја бара лицето од причини што Царинската управа на Република Северна Македонија утврди дека согласно своите законски надлежности не ја создал нити пак располага со конкретната информација која се бара во овој случај.

Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија е објавен во Службен весник бр.305 од 22.12.2020 година и е донесен од Собранието на Република Северна Македонија.

Од оние информации што Царинска управа на Република Северна Македонија ги создала и од оние информации со кои располага а во интерес на она што го бара лицето со предметното барање е Насоката за постапување при увоз на возила бр.01-001063/21-[redacted] од 19.02.2021 година која е донесена Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата [redacted] и е објавена на страната www.customs.gov.mk и достапна за јавноста. Во оваа насока е утврден начинот на постапување на царинските службеници при увоз на возила со цел поради унифицирано спроведување на постапката за увозно царинење и навремено завршување на царинската постапка од страна на надлежните организациони единици при Царинска управа.

Од оние информации што Царинска управа на Република Северна Македонија ги создала и од оние информации со кои располага а во интерес на она што го бара лицето во делот 2 од предметното барање се одредбите од член 150 до член 157 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2005; 4/2008; 48/2010; 158/2010; 44/2011; 53/2011, 11/2012, 171/12, 187/2013, 15/2015, 129/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016 и 114/18) кои се однесуваат на постапката на привремен увоз на странска стока во царинското подрачје.

нејзината надлежност поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило меѓу кои и горенаведената насока и Царинскиот закон.

Бараните податоци се доставени преку обична и електронска пошта како што е наведено во предметното барање.

Со оглед на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Упатство за правно средство:
Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на решението.

[redacted]Директор,
[redacted]

Бр. 27-[redacted]21-0004
Скопје, 20.05.2021 г. 25. 05. 2021

Доставено во оригинал до:
- [redacted] Куманово
- Предмет.

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]